РЕВ2-127/22

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Снежана Ѓорѓиеска Зекирија - претседател на совет, Владимир Стојаноски, Исамедин Лимани, м-р Катерина Георгиевска и Наке Георгиев - членови на советот, во правната работа на тужителот Зоран Верушевски од С., против тужениот Република Северна Македонија, за надомест на нематеријална штета, вредност на спорот 4.104.000,00 денари, одлучувајќи по ревизијата на тужениот, изјавена преку законскиот застапник Државен правобранител за подрачје С., против пресудата на Апелациониот суд Скопје ГЖ.бр.3171/21 од 10.12.2021 година, на седница на советот одржана на ден 31.05.2023 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Ревизијата на тужениот, ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА.

Пресудата на Апелациониот суд Скопје ГЖ.бр.3171/21 од 10.12.2021 година, пресудата на Основен граѓански суд Скопје П4-147/21 од 26.05.2021 година, и решението за исправка на Основен граѓански суд Скопје П4-147/21 од 10.06.2021 година, во делот на усвоеното тужбеното барање и одлуката за трошоци на постапката, СЕ ПРЕИНАЧУВААТ и СЕ ПРЕСУДУВА:

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот Република Северна Македонија на тужителот Зоран Верушевски од С., на име нематеријална штета за претрпени душевни болки поради повреда на личните права - чест, углед и слобода поради неоправдано лишување од слобода - притвор, да му исплати паричен надоместок во износ од 1.720.000,00 денари, со законска казнена камата во висината на референтната стапка на НБ на РСМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за осум процентни поени, сметано од денот на пресудувањето - 26.05.2021 година, до конечната исплата, во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

Тужбеното барање на тужителот Зоран Верушевски од С., за надомест на нематеријална штета за претрпени душевни болки поради повреда на личните права - чест, углед и слобода поради неоправдано

лишување од слобода - притвор, за разликата од досудениот износ од 1.720.000,00 денари, до износот од 2.580.000,00 денари, со законска казнена камата сметано од 26.05.2021 година, досуден со првостепената пресуда, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

Ревизијата во останатиот дел, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот Република Северна Македонија да му ги надомести на тужителот Зоран Верушевски од С. парничните трошоци во постапката во вкупен износ од 227.642,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на пресудата.

Поголемото барање на тужителот за надомест на парничните трошоци во постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

Секоја странка да ги сноси своите трошоци сторени во постапката по поднесената ревизија.

О б р а з л о ж е н и е

Основен граѓански суд Скопје со пресуда П4-147/21 од 26.05.2021 година, делумно го усвоил тужбеното барање на тужителот, па го задолжил тужениот на тужителот на име нематеријална штета за претрпени душевни болки поради повреда на личните права - чест, углед и слобода поради неоправдано лишување од слобода - притвор да му исплати паричен надоместок во износ од 2.580.000,00 денари, со законска казнена камата сметано од денот на пресудувањето 26.05.2021 година, до денот на конечната исплата, во висина на референтната стапка на НБРМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за 8 (осум) процентни поени. Поголемото тужбено барање на тужителот е одбиено како неосновано, за разликата од досудениот износ од 2.580.000,00 денари, до побараниот износ од 4.104.000,00 денари. Тужениот е задолжен на тужителот да му ги надомести трошоците по постапката во вкупен износ до 167.770,00 денари, а одбиено е како неосновано поголемото барање на полномошникот на тужителот за трошоците по постапката, за разликата од досудениот износ од 167.770,00 денари, до побаруваниот износ од 260.538,00 денари. Со решение П4-147/21 од 10.06.2021 година, извршена е исправка во изреката на пресудата, во ставот 4 и 5, каде е одлучено за трошоците на постапката.

Апелациониот суд Скопје со пресуда ГЖ.бр.3171/21 од 10.12.2021 година, ги одбил како неосновани жалбата на тужениот и жалбата на тужениот, а пресудата на Основниот граѓански суд Скопје П4-147/21 од

26.05.2021 година, ја потврдил и го задолжил тужениот да ги надомести на тужителот трошоците по поднесениот одговор на жалба во вкупен износ од 36.134,00 денари.

Против второстепената пресуда ревизија изјави тужениот, поради суштествени повреди на одредбите од парничната постапка и погрешна примена на материјалното право, со предлог ревизијата да се усвои, побиваната и првостепената пресуда да се укинат и да се одлучи на начин што тужбеното барање на тужителот да се одбие како неосновано.

Одговор на ревизија е поднесен од страна на тужителот преку полномошник Дуња Туртурова, адвокат од С., со кој во целост се оспоруваат наводите во ревизијата, па се предлага ревизијата да се одбие и тужениот да се задолжи со трошоци за одговорот на ревизија.

Врховниот суд на Република Северна Македонија, по проучување на списите по предметот, наводите во ревизијата и одговорот на ревизија, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 377 став 3 од Законот за парнична постапка, најде:

Ревизијата е делумно основана.

Основан е ревизискиот навод за погрешна примена на материјалното право од страна на пониските судови, а со оглед на утврдената фактичка состојба од првостепениот суд, прифатена во целост и од второстепениот суд.

Имено, судовите утврдиле дека со решение на судијата на претходна постапка при Основниот суд Скопје 1 Скопје IV КОК-ПП.бр.57/15 од 24.01.2015 година, била определена мерка притвор на тужителот, во својство на обвинет, во траење од 30 дена сметано од 23.01.2015 година, до 22.02.2015 година, а поради постоење на причините предвидени во член 165 став 1 точка 1 и 3 од ЗКП, за кривично дело „Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“ од член 296 став 1 од КЗ, наведено во наредбата за спроведување истражна постапка од ОЈО С. КО1.бр. 45/15 од 23.01.2015 година. Утврдено е дека со решение на судија на претходна постапка при Основниот суд Скопје 1 Скопје IV КОК-ПП.бр.52/15-1 од 20.02.2015 година, била определена мерка притвор на тужителот, во својство на обвинет, во траење од 30 дена сметано од 20.02.2015 година, до 22.03.2015 година, поради постоење на причините предвидени во член 165 став 1 точка 1, 2 и 3 од ЗКП за кривично дело „Шпионажа“ од член 316 став 4 од КЗ, кривично дело „Насилство спрема претставници на највисоките државни органи“ од член 311 в.в. со член 24 од КЗ, наведени во наредбата за спроведување истражна постапка од ОЈО на гонење на

организиран криминал и корупција С. КО.бр.25/15 од 31.01.2015 година. Одлучено било определената мерка притвор да се извршува во КПУ З. С.. Со решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје 1 Скопје КОК-КР.бр.259/15 од 28.12.2015 година, бил укинат основот за мерката притвор, предвиден во член 165 став 1 точка 2 од ЗКП, како и мерката притвор против обвинетиот сега тужител, определена со решение на судијата на претходна постапка на Основниот суд Скопје 1 Скопје КОК-ПП.бр.52/15-1 од 20.01.2015 година, а продолжувана со решенија на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје 1 Скопје, па била определена гаранција во вкупен износ од 204.112 евра во денарска противвредност од 12.552.902,00 денари во корист на Република Македонија.

Пониските судови утврдиле дека со решение на Основниот суд Скопје 1 Скопје КОК.бр.80/16 од 20.01.2017 година, била запрена кривичната постапка повредена врз основа на обвинителниот акт на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција С. под КО.бр.25/15 од 30.04.2015 година, превземен од страна на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незконското следење на комуникациите со решението А бр.109/15-16 од 09.12.2015 година, која постапка во наведеното обвинителство се водела под НСК-КО бр.16/15 против обвинетиот, сега тужител, за кривично дело „Неовластено прислушкување и тонско снимање“ од член 151 став 4 в.в. со став 1 в.в. со член 23 в.в. со член 45 од КЗ, кривично дело „Шпионажа“ од член 316 став 4 од КЗ и кривично дело „Насилство спрема претставници на највисоките државни органи“ од член 311 в.в. со член 24 од КЗ, бидејќи Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, како овластен тужител пред да отпочне главната расправа, во целост се откажал од обвинителниот акт на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција С. под КО бр.25/15 од 30.04.2015 година, превземен од страна на ЈО за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите со решение А бр.109/15-16 од 09.12.2015 година. Ова решение има клаузула на правосилност од 07.02.2017 година. Воедно, утврдено е дека со пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје К.бр.1600/16 од 30.01.2018 година, било одбиено обвинението спрема обвинетиот, сега тужител, согласно член 402 став 1 точка 3 од ЗКП, за кривично дело „Неовластено изработување држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“ од член 396 став 1 од КЗ, бидејќи застапникот на обвинението до завршување на главната расправа се откажал од обвинението.

Врз основа на изведените докази во текот на постапката,

меѓудругото, било утврдено дека душевната болка на тужителот во однос на претрпениот срам и нарушен углед и чест, бил присутна и објективно постоечка за времетраењето на целата судска постапка од 23.01.2015 година, до 20.01.2017 година. Реакцијата на неговото социјално окружување, кај тужителот довела до негативни емоционални доживувања и реакции со промени во неговото однесување во смисол на повлекување во себе, депресивни мисли, а по излегувањето од притвор - избегнување да се појавува на јавни места, избегнување на разговор за темата. Во однос на неговата психичка состојба за кажаниот период, кај него била присутна слика на постравматски стресна реакција, со доминација на анскиозност, вегетативни знаци и знаци на депресивност, со тешкотии со сонот ноќни кошмари и стравови. Кај тужителот во период од 24 месеци, а со нешто смален интензитет и потоа, се проследува постоење на изразени негативни емоции во врска со настанот, кои се до степен на интензивна душевна болка поради нарушен углед и чест. Во текот на притворот тужителот доживувал интензивна душевна болка поради целосно неоправдано притворање и скратување на неговите слободи и рушење на неговите човечки права. Обвинението како претечка казна за ненаправено кривично дело, самиот притвор (затворен со криминалци и разбојници), за тужителот значело и целосно нарушување на сопствената слика за себе и директна атака на неговата личност. Душевната болка поради повреда на слободата и правата на личноста, водењето на кривичната постапка и особено притворањето на тужителот едновремено претставувала битна повреда на слободата и правата на личноста. Ваквото казнување ги нарушило одбрамбените психолошки механизми на тужителот, со последици во вид на значителни психички промени, односно душевна болка подетално опишана во основот нарушување на угледот и честа на тужителот. Тужителот трпел душевна болка поради нарушени права и слобода на личноста особено во периодот од притворот, но неговите права како недолжна личност биле прекршени и за сиот период на водење на кривична постапка против него. Ваквата душевна болка предизвикала и се презентирала со слика и пострауматско стресно растројство, со доминација на знаци на анксиозност и депресивност. Душевната болка во однос на нарушениот углед и чест на тужителот претставувала негова морална штета, по овој основ. Самото притворање на тужителот претставува повреда на слободата и правата на личност.

Пониските судови утврдиле дека тужителот на 19.11.2018 година, поднел барање за надомест на штета поради неоправданиот притвор до Министерството, од каде на 20.12.2018 година, писмено бил известен дека не се усвојува барањето за склучување спогодба за надомест на штета, по што тужителот ја поднел предметната тужба пред судот.

Врз основа на така утврдената фактичка состојба, а со примена на одредбата од член 189 од Законот за облигациони односи, како и

одредбите од член 551 и член 553 од Законот за кривична постапка, пониските судови заклучиле дека на тужителот му следува надомест на нематеријална штета поради повреда на личните права - чест, углед и слобода поради неоправдано лишување од слобода - притвор, во вкупен износ од 2.580.000,00 денари. Според пониските судови вака досудениот износ преставува справедлив паричен надомест за претрпениот душевен бол поради повреда на личните права - чест, углед и слобода поради неоправдано лишување од слобода - притвор и истиот не е во спротивност со стремежите кои не се споиви со неговата природа и општествена цел.

По наоѓањето на Врховниот суд на Република Северна Македонија, пониските судови погрешно го примениле материјалното право при определувањето на висината на справедливиот паричен надоместок на име нематеријална штета поради повреда на личните права - чест, углед и слобода поради неоправдано лишување од слобода - притвор. Според овој суд, досудениот надомест од страна на пониските судови, на име нематеријална штета во износ од 2.580.000,00 денари, превисоко е определен.

Согласно член 189 став 1 од Законот за облигациони односи, за претрпени физички болки, за претрпени душевни болки поради намалување на животната активност, нагрденост, повреда на угледот, честа, слободата или правата на личноста, смрт на блиско лице како и за страв, судот ако најде дека околностите на случајот, а особено јачината на болките и стравот и нивното траење го оправдува тоа, ќе досуди справедлив паричен надомест, независно од надоместот на материјалната штета како и во нејзино отсуство.

Согласно став 2 од истиот член, при одлучувањето за барањето на надомест на нематеријалната штета, како и за височината на нејзиниот надомест, судот ќе води сметка за значењето на повреденото добро и за целта за која служи тој надомест, но и за тоа со него да не им се погодува на стремежите што не се споиви со неговата природа.

Во смисла на цитираната законска одредба, при одлучувањето за барањето за надомест на нематеријална штета, како и за височината на надоместокот, судот води сметка за значењето на повреденото добро и за целта за која служи тој надоместок, но и за тоа со него да не им се погодува на стремежите што се неспојливи со неговата природа. При тоа се внимава на специфичната цел на надоместокот што се остварува, така што тој надоместок да има карактер на сатисфакција отколку функција на компензација. При определување на надоместокот на штета за повреда на честа и угледот се ограничува на релевантните напади кои според својот интензитет и според приликите на општествената средина

предизвикуваат јасно манифестирана повреда на честа и угледот на човековата личност, а при тоа да се внимава на можноста ваквиот надоместок да се побарува од лукративни причини. Душевните болки поради неоправдана осуда, односно неосновано лишување од слобода, претставуваат единствен вид на штета што ги опфаќа сите штетни последици на нематеријалната штета врзани за личноста на оштетениот кои произлегуваат од неоправданата осуда. При одмерување на висината на нематеријалната штета судот ги зема предвид сите околности на случајот како што се угледот што оштетениот го ужива во својата средина, односот на средината кон него по осудата, односно лишувањето од слобода, тежината и природата на кривичното дело, времето на траењето на лишувањето од слобода и сите други околности кои влијаеле на природата, тежината и траењето на психичките болки.

Имајќи ги предвид сите околности на конкретниот случај, особено интензитетот и времетрањето на душевниот бол кој го трпел тужителот поради неоснованото лишување од слобода во поглед на нарушениот углед и чест, утврдени врз основа на лекарскиот наод и мислење на проф. д-р А.Н., и периодот на изречената мерка притвор во траење од 344 дена сметано од 23.01.2015 година до 31.12.2015 година, Врховниот суд на Република Северна Македонија утврди дека на тужителот му следува справедлив надомест за претрпен душевен бол поради повреда на личните права - чест, углед и слобода поради неоправдано лишување од слобода - притвор во вкупен износ од 1.720.000,00 денари или по 5.000,00 денари од ден за секој ден притвор. Овој суд смета дека вака досудениот износ на име надомест на нематеријална штета претставува сатисфакција за ублажување на душевните болки на тужителот поради повреда на личните права - чест, углед и слобода поради неоправдано лишување од слобода - притвор, истиот е справедлив и не е во спротивност на природата на правото на надоместокот, ако се има во предвид значењето на повреденото добро и целта за која служи овој надоместок.

На досудениот износ на име нематеријална штета за претрпени душевни болки поради повреда на личните права - чест, углед и слобода поради неоправдано лишување од слобода - притвор , овој суд досуди законска казнена камата, сметано од денот на пресудувањето 26.05.2021 година, до конечната исплата, а во смисла на член 192-а став 1, во врска со член 266 и член 266-а став 1 од Законот за облигационите односи.

Врховниот суд на Република Северна Македонија, го одби како неосновано поголемото тужбено барање на тужителот за надомест на име нематеријална штета за претрпени душевни болки поради повреда на личните права - чест, углед и слобода поради неоправдано лишување од слобода - притвор, за разликата од досудениот износ од 1.720.000,00 денари, со оваа пресуда, до износот од 2.580.000,00 денари, со законска

казнена камата, сметано од ден 26.05.2021 година, којшто е досуден со првостепената пресуда, а потврден со второстепената пресуда, од причина што оцени дека истиот е превисоко поставен.

Воедно, овој суд од напред наведените причини, ја одби како неоснована ревизијата на тужениот во останатиот дел.

При одлучувањето, Врховниот суд на Република Северна Македонија, ги имаше предвид ревизиските наводи дека нема пасивна легитимација на страна на тужениот, со оглед да за да се истакне барање за надомест на штета треба да постои штета, штетник и каузална врска помеѓу штетата и штетникот, а во случајот тужениот не ја предизвикал штетата, но истите ги оцени како неосновани.

Имено, со одредбата од член 553 став 1 точка 1 од Законот за кривичната постапка, предвидено е дека право на надоместок на штетата му припаѓа и на лицето кое било во притвор, а не дошло до поведување кривична постапка или постапката е запрена со правосилно решение, или со правосилна пресуда е ослободено од обвинението или обвинението е одбиено, додека со член 551 став 3 од истиот закон, се предвидува дека тужбата за надоместок на штета се поднесува против Република Македонија.

Поаѓајќи од содржината на наведените законски одредби, при состојба на работите кога со правосилно решение на Основниот суд Скопје 1 Скопје КОК.бр.80/16 од 20.01.2017 година, била запрена кривичната постапка поведена против обвинетиот - сега тужител, а со пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје К.бр.1600/16 од 30.01.2018 година, било одбиено обвинението спрема обвинетиот - сега тужител, според наоѓањето на овој суд, во конкретниот случај не е спорна пасивната легитимација на тужениот.

Со оглед на наведеното, следуваше Врховниот суд на Република Северна Македонија ревизијата на тужениот делумно да ја усвои и да одлучи на начин како во изреката на пресудата, согласно член 387 став 1 од Законот за парничната постапка.

Врховниот суд на Република Северна Македонија му досуди на тужителот трошоци на постапката, во вкупен износ од 227.642,00 денари, согласно член 148 став 2, член 149, член 158 и член 160 став 2 од Законот за парничната постапка, имајќи ја притоа предвид Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите и Законот за судски такси, тоа: за состав на тужбата со пресметано зголемување од 18 % на име ДДВ во износ од 13.806,00 денари, за присуство на 2 расправи со пресметано зголемување од 18 % на име ДДВ износ од по 16.567,00

денари или вкупен износ од 33.134,00 денари, за состав на одговор на жалба од ден 26.12.2019 година, со пресметано зголемување од 18 % на име ДДВ во износ од 24.851,00 денари, за состав на одговор на жалба од ден 02.07.2021 година, со пресметано зголемување од 18 % на име ДДВ во износ од 24.851,00 денари, судска такса за тужба износ од 48.000,00 денари, судска такса за одлука износ од 48.000,00 денари, трошоци за вештачење износ од 8.000,00 денари, такса за одговор на жалба од ден 26.12.2019 година износ од 24.000,00 денари и такса за одговор на жалбаод ден 02.07.2021 година износ од 3.000,00 денари.

Поголемото барање за надомест на трошоци на постапката, овој суд го одби како неосновано, од причина што е превисоко поставено и не е во согласност со Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите и постигнатиот успех во спорот, односно овој суд висината на трошоците во постапката ја определи согласно важечката Тарифа за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, според вредноста на спорот во која која успеал тужителот.

Со оглед дека тужениот делумно успеа во постапката по ревизија, судот одлучи секоја странка да ги поднесе своите трошоци на постапката сторени по повод изјавената ревизија.

Пресудено во Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 31.05.2023 година под РЕВ2-127/22.

Претседател на советот - судија
Снежана Ѓорѓиеска Зекирија с.р.

За точноста на отправокот – т в р д и:секретар,